# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Период за известување: Од 1 август до 20 декември 2025 година

Проект: „Иновативно-научни решенија за сузбивање на социјалната нееднаквост и сивата економија во Република Северна Македонија преку даночната регулатива“

Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## 1. ВОВЕД

Овој наративен извештај ги опфаќа реализираните активности во рамки на научно-истражувачкиот проект во периодот од 1 август до 20 декември 2025 година. Активностите беа насочени кон научна анализа на даночната регулатива, подготовка на научни трудови, меѓународно распространување на резултатите, јакнење на истражувачките капацитети и директна вклученост на студентите и релевантните институции во процесот на креирање иновативни даночни политики за сузбивање на сивата економија и намалување на социјалната нееднаквост.

## 2. ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ И НАУЧНИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1. Финализација на труд за регионална проценка на сивата економија

Во рамките на научниот проект, во завршна фаза е изработката на научниот труд со наслов „Регионална распределба на неформалната економија и нејзините импликации врз локалните јавни финансии: случајот на Северна Македонија“, во кој за првпат се врши сеопфатна економетриска проценка на обемот на сивата економија по региони, користејќи го MIMIC моделот и официјални податоци за периодот 2008–2023 година. Трудот обезбедува детални регионални проценки за осумте плански региони во државата и ја анализира нивната поврзаност со фискалната зависност, фискалниот напор и капацитетот на локалните самоуправи, при што посебен акцент се става на влијанието на неформалната економија врз меѓувладините фискални трансфери и распределбата на јавните приходи. Наодите од трудот имаат силна апликативна вредност за креирање поправедни регионални развојни и фискални политики, а неговата објава во меѓународно научно списание е планирана во првата половина на 2026 година.

### 2.2. Подготовка на прелиминарен извештај со првични наоди и предлог-мерки

До крајот на извештајниот период беше подготвен сеопфатен прелиминарен извештај со првични резултати и предлог-мерки во рамки на проектот. Извештајот ги сумира клучните наоди од анализата на даночниот систем, вклучително и слабостите во оданочувањето на личниот доход, добивката и ДДВ, како и нивното влијание врз социјалната (не)праведност и поттикнувањето на неформалната економија. Во документот се формулирани насоки за трансформација на постојниот, претежно регресивен модел во проактивен даночен систем, преку воведување на поголема прогресивност, таргетирани олеснувања за ранливи групи (жени, млади, неформално вработени), дигитализација и зајакнати механизми за контрола и наплата. Предлог-мерките се засновани на компаративна анализа и емпириски податоци и претставуваат основа за понатамошни консултации со надлежните институции.

**2.3. Администртирање и анализа на голем прашалник со над 300 испитаници**

Во извештајниот период беше изготвен и дистрибуиран структуриран прашалник за прибирање емпириски податоци од релевантни целни групи, со цел анализа на перцепциите, практиките и предизвиците поврзани со сивата економија, даночната усогласеност и социјалната праведност. Прашалникот беше дизајниран така што овозможува прибирање на квантитативни и квалитативни податоци за различни аспекти на даночниот систем и неформалната економија. До моментот на изготвување на овој извештај се собрани над 250 валидни одговори, што претставува значајна емпириска основа за натамошна статистичка обработка и анализа. Прибраните податоци ќе бидат искористени за верификација на истражувачките хипотези, дополнување на економетриските модели и за формулирање на попрецизни и таргетирани предлог-мерки во рамки на проектот.

**2.4. Подготвителни активности за воспоставување на интернет-платформа за презентација на податоци и наоди**

Во извештајниот период беа иницирани и подготвителни активности за воспоставување на специјализирана интернет-страница на проектот, на која јавно ќе се презентираат клучните статистички податоци, истражувачките наоди и аналитичките резултати од проектот. Во оваа фаза се изврши концептуално дефинирање на структурата и содржината на платформата, утврдување на видовите индикатори што ќе бидат прикажани (регионални податоци за сивата економија, фискални показатели, социјални индикатори), како и подготовка на базичните сетови на податоци за дигитална обработка и визуелизација. Платформата е замислена како интерактивен и транспарентен алат за информирање на јавноста, академската заедница и носителите на политики, со цел зголемување на јавната достапност на податоците, унапредување на јавната дебата и поттикнување на креирање политики засновани на докази.

## 3. МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА ПРОМОЦИЈА И ВМРЕЖУВАЊЕ

### 3.1. Работна и презентациска посета на Обединетото Кралство (7–10 ноември 2025)

Во рамки на активностите поврзани со меѓународната промоција на проектот и размена на научни искуства, во периодот од 7 до 10 ноември 2025 година беше реализирана работна и презентациска посета на две реномирани високообразовни институции во Обединетото Кралство – Правниот факултет при Универзитетот Оксфорд и University College London (UCL).

### 3.2. Посета на Универзитетот Оксфорд – 7 ноември 2025

На 7 ноември 2025 година беше остварена официјална посета на Правниот факултет при Универзитетот Оксфорд, каде пред професорите Дејвид Тулет и Ерик Зао беше презентиран проектот, со посебен фокус на концепциската рамка, методологијата на истражувањето и прелиминарните согледувања за поврзаноста меѓу даночната политика, социјалната праведност и формализацијата на економијата. Посебен интерес предизвикаа наодите поврзани со регресивните ефекти на постојните даночни инструменти, слабата редистрибутивна моќ на персоналниот данок на доход, како и влијанието на ДДВ врз ранливите категории граѓани. Беа добиени исклучително корисни стручни коментари и препораки, особено во делот на компаративните искуства и примената на економетриски модели.

### 3.3. Посета на University College London – 10 ноември 2025

На 10 ноември 2025 година беше реализирана официјална презентација на проектот и прелиминарните резултати на University College London (UCL), пред академска публика составена од економисти, правници и истражувачи од областа на јавните финансии и развојните политики. Презентацијата беше насочена кон регионалната димензија на неформалната економија, примената на MIMIC моделот, како и кон врската меѓу институционалниот квалитет, нееднаквоста и даночната усогласеност. Дискусијата се фокусираше и на улогата на даночниот морал и јавните услуги како фактори за доброволна усогласеност.

## 4. ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА СТУДЕНТИ

### 4.1. Дводневна работилница со студенти во Берово (28–30 ноември 2025)

Во периодот од 28 до 30 ноември 2025 година во Берово успешно се реализираше дводневна работилница со студенти од мастер и докторските студии по финансово право, како и студенти од трета година на додипломски студии. На работилницата учествуваа членовите на проектниот тим. Програмата опфати презентација на проектот, распределба во три работни групи (данок на личен доход, данок на добивка и ДДВ), интензивни работни сесии за идентификација на проблеми и можни законски унапредувања, како и заедничка

дискусија и компарација на резултатите. Работилницата заврши со доделување сертификати и утврдување на идни задолженија.

## 5. РАСПРОСТРАНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ И ЈАВНА ДЕБАТА

### 5.1. Научна конференција – 17 декември 2025

Во рамки на проектот се одржа научна конференција на 17 декември 2025 година, со почеток во 12:00 часот, во Свечениот амфитеатар 1 на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. На конференцијата учествуваа околу 150 студенти, наставници, истражувачи и претставници на институциите, вклучително и министерката за образование и наука, заменик-министерот за финансии, директорката на Управата за јавни приходи и претставници од стопанските комори. Беа презентирани прелиминарните резултати од истражувањето и планираните активности за 2026 година, при што настанот беше оценет како особено значаен за понатамошниот тек на проектот.

## 6. ОПШТА ОЦЕНКА НА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ

Реализираните активности во периодот август-декември 2025 година целосно се во согласност со планираната динамика и со поставените цели на проектот. Во овој период беше остварен значаен научен напредок, кој се огледа во изработката на прелиминарните истражувачки резултати, финализацијата на трудот за регионалната проценка на сивата економија и подготовката на извештај со конкретни, емпириски поткрепени предлог-мерки за унапредување на даночниот систем.

Посебна вредност има високото ниво на меѓународна видливост и научна афирмација на проектот преку презентацијата на резултатите пред академската заедница на Универзитетот Оксфорд и University College London, што придонесе за збогатување на истражувачкиот пристап со компаративни искуства и современи методолошки практики. Истовремено, преку дводневната работилница во Берово и научната конференција во Скопје, беше остварена силна едукативна компонента со директно вклучување на студентите и младите истражувачи во процесот на генерирање идеи и решенија.

Проектот се карактеризира и со значително продлабочена соработка со релевантните државни институции (Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, на пример), академската заедница и претставниците на стопанството, што овозможи отворање на суштинска јавна дебата за улогата на даночната политика во сузбивањето на сивата економија и намалувањето на социјалната нееднаквост. Ваквиот мултисекторски пристап ја зајакна применливоста на истражувачките резултати и ја потврди општествената релевантност на проектот.

## 7. ЗАКЛУЧОК И НАСОКИ ЗА 2026 ГОДИНА

Во следниот период фокусот ќе биде ставен на финализирање и објавување на научните трудови во меѓународни научни списанија, продлабочување на институционалната соработка со надлежните државни органи и експертската јавност, како и на конкретизирање и операционализација на предложените законски решенија и јавни политики. Посебно внимание ќе биде посветено на продолжување на емпириските истражувања, подготовка на дополнителни анализи и активно вклучување во процесите на креирање политики преку јавни расправи и стручни консултации.

Очекувањата се дека проектот ќе придонесе за реални, мерливи и одржливи подобрувања во даночната политика, зголемување на фискалната праведност и зајакнување на процесите на формализација на економијата во Република Северна Македонија, со долгорочен ефект врз намалувањето на социјалната нееднаквост и јакнењето на јавната доверба во институциите.

Во текот на 2026 година, проектот влегува во својата завршна и апликативна фаза, со фокус на институционализација на резултатите, нивно широко распространување, практична примена во процесите на креирање јавни политики и долгорочна одржливост. Планираните активности се структурирани така што обезбедуваат научно вреднување, меѓународна видливост, инфраструктурно зајакнување и директно влијание врз даночните и развојните политики во РС Македонија.

Во центарот на идните активности е објавувањето на монографија и најмалку два научни труда во реномирани меѓународни списанија со импакт фактор, во кои ќе бидат систематизирани финалните резултати од истражувањето, економетриските анализи, компаративните наоди и предложените модели за даночна реформа. Овие публикации ќе претставуваат траен научен придонес и ќе ја позиционираат темата за сивата економија и социјалната нееднаквост во фокусот на меѓународната академска дебата.

Паралелно со научната продукција, во 2026 година е планирано активно учество на членовите на проектниот тим на меѓународни научни конференции, со цел презентирање на резултатите, размена на искуства, вмрежување со странски истражувачи и воспоставување основи за идни заеднички проекти. Оваа активност има за цел дополнително да ја зајакне меѓународната димензија на проектот и видливоста на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и УКИМ.

Особено значајна планирана активност е воспоставувањето и целосното оспособување на Центарот за правно-клиничка едукација и истражување по даночно право и финансии („ИНОВА ЛЕКС ТАКС“) како траен институционален резултат од проектот. Центарот ќе претставува платформа за континуирано научно-истражувачко работење,

клиничка едукација на студенти, подготовка на policy документи и стручни анализи наменети за државните институции и креаторите на јавни политики.

Во рамки на оваа институционализација, се планира и целосен развој и пуштање во употреба на онлајн платформа за размена на податоци, резултати и добри практики меѓу истражувачите, студентите и практичарите. Платформата ќе овозможи транспарентен пристап до статистички податоци, регионални анализи, економетриски модели, policy препораки и едукативни материјали. Таа ќе функционира и како долгорочен алат за следење на имплементацијата на предложените решенија и за поттикнување на јавна и стручна дебата.

Како клучен завршен настан на проектот е планирано организирање на меѓународна завршна научна конференција, на која ќе учествуваат домашни и странски експерти, претставници на академската заедница, институциите, стопанството и граѓанското општество. На конференцијата ќе бидат презентирани финалните резултати од проектот, ќе се отвори стручна расправа за нивната примена и ќе се постават насоките за идни политики во областа на даночната регулатива, социјалната праведност и сузбивањето на сивата економија.

Дополнително, во 2026 година е предвидена изработка и објавување на завршен прирачник (policy brief) наменет за креаторите на политики, во кој на јасен, применлив и стратешки ориентиран начин ќе бидат сумирани клучните препораки за реформи во даночниот систем, мерките за формализација на економијата и механизмите за намалување на социјалната нееднаквост.

Во функција на долгорочна одржливост на резултатите, планирани се и активности за континуирано одржување и техничка поддршка на веб-платформата и дигиталните алатки, со што ќе се обезбеди долгорочна достапност на податоците, отворен пристап до научните резултати и трајна поддршка на институциите и јавноста во процесот на креирање политики засновани на докази.

Сите планирани активности за 2026 година се меѓусебно поврзани и логично надоврзани на досегашните резултати, со јасна ориентација кон научна продукција, институционална одржливост, меѓународна афирмација и реално општествено влијание.